***СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ***

**Излегува по потреба** **Понеделник, 30.10.2017 год** **Бр. 8/2017**

**конт.тел 046-784-640; факс 046-784-641;**

**e-mail opstinavevcani@gmail.com www.vevcani.gov.mk**

**Ред.бр..........................................................стр.**

**1. З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештај на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избор и именувања за верификација на мандатите на членовите на Совет на општина Вевчани............1**

**2. Решение за формирање на комисија за верификација, мандатни прашања, избор и именување....................................1**

**3. Решение за верификација на мандатот на членовите на Советот на општина Вевчани...........................................................2**

**4. Одлука за избор на Претседател на Совет на општина Вевчани...................................2**

**5. Решение за избор на членови на Советот на општината за учество при склучување на бракови на подрачјето на општина Вевчани..............................3**

**Издавач:**
**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Компјутерска обработка:**
**СТРУЧНА СЛУЖБА НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**

---

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02), Советот на општина Вевчани на првата конститутивна седница одржана на 27.10.2017 година, донесе:

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештај на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избор и именувања за верификација на мандатите на членовите на Совет на општина Вевчани**

1. Се усвојува Извештајот на Верификационата комисија за верификација на мандатите на членовите на Совет на општина Вевчани.
2. Составен дел од овој заклучок е Извештајот на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избор и именувања.
3. Овој Заклучок влегува во сила по објавувањето во „ Сл.гласник на општина Вевчани“.

**Бр. 08-581/8**
**27.10.2017**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседавач,**
**Душко Ѓурчески**

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа и врз основа на член 37 од Статутот на Општина Вевчани, градоначалникот на Општината го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за прогласување на Решението за формирање комисија за верификација, мандатни прашања, избор и именување**

Се прогласува Решението за формирање комисија за верификација, мандатни прашања, избор и именување , донесено од Советот на Општина Вевчани на 1-та седница одржана на ден 27.10.2017 година.

**Бр. 09-593/1**
**27.10.2017 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Сашо Јанкоски**

Врз основа на чл.4 од Деловникот за работа на Советот на општина Вевчани, Советот на општина Вевчани на првата конститутивна седница одржана на ден 27.10.2017 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на комисија за верификација, мандатни прашања, избор и именување**

1. Се формира Комисија за верификација, мандатни прашања, избор и именување.
2. За претседател и членови на Комисија за верификација, мандатни прашања, избор и именување се избираат:

1. Трајче Лешоски (претседател)
2. Деспина Плушкоска (член)
3. Наташа Кукоска (член)

3. Комисијата има за задача да изврши увид во оригиналните Уверенија издадени од Општинската Изборна Комисија - Вевчани и документите за лична идентификација на новоизбраните членови на Совет на општина Вевчани, и до Советот на општина Вевчани поднесува извештај со предлог за верификација.

4. Решението стапува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Вевчани.

**Бр. 08-581/6**
**27.10.2017 год,**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседавач,**
**Душко Ѓурчески**

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа и врз основа на член 37 од Статутот на Општина Вевчани, градоначалникот на Општината го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за прогласување на Решението за верификација на мандатот на членовите на Советот на Општина Вевчани**

Се прогласува Решението за верификација на мандатот на членовите на Советот на Општина Вевчани , донесено од Советот на Општина Вевчани на 1-та седница одржана на ден 27.10.2017 година.

**Бр. 09-593/2**
**27.10.2017 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Сашо Јанкоски**

Врз основа на член 34 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и согласно чл.3 од Деловникот на советот на општина Вевчани, Советот на општина Вевчани на првата конститутивна седница одржана на ден 27.10.2017 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за верификација на мандатот на членовите на Советот на општина Вевчани**

1. Се верифицира мандатот на членовите на Советот на општина Вевчани и тоа на следниве лица:

   1. **Душко Ѓурчески**
   2. **Трајче Лешоски**
   3. **Дијана Бебекоска**
   4. **Стефан Радиноски**
   5. **Деспина Плушкоска**
   6. **Јовица Лешоски**
   7. **Андријана Парталоска**
   8. **Витомир Димитријески**
   9. **Наташа Кукоска**

2. Решението стапува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Вевчани.

**Бр. 08-581/9**
**27.102.017 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседавач,**
**Душко Ѓурчески**

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа и врз основа на член 37 од Статутот на Општина Вевчани, градоначалникот на Општината го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за прогласување на Одлуката за избор на Претседател на Совет на Општина Вевчани**

Се прогласува Одлуката за избор на Претседател на Совет на Општина Вевчани, донесена од Советот на Општина Вевчани на 1-та седница одржана на ден 27.10.2017 година.

**Бр. 09-593/3**
**27.10.2017 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Сашо Јанкоски**

Врз основа на член 47 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), Советот на Општината Вевчани на првата конститутивна седница одржана на 27.10.2017 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за избор на Претседател на Совет на општина Вевчани**

**Член 1**

За Претседател на Советот на општина Вевчани се избра советникот **Душко Ѓурчески**.

**Член 2**

Мандатот на претседателот на Советот на Општината Вевчани трае четири години.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Вевчани".

**Бр. 08-581/10**
**27.10.2017 год.**

**Совет на општина Вевчани**
**Претседавач,**
**Душко Ѓурчески**

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа и врз основа на член 37 од Статутот на Општина Вевчани, градоначалникот на Општината го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за прогласување на Решението за избор на членови на Советот на општината за учество при склучување на бракови на подрачјето на Општина Вевчани**

Се прогласува Решението за избор на членови на Советот на општината за учество при склучување на бракови на подрачјето на Општина Вевчани, донесено од Советот на Општина Вевчани на 1-та седница одржана на ден 27.10.2017 година.

**Бр. 09-593/4**
**27.10.2017 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Сашо Јанкоски**

Врз основа на чл.36 ст.1 точ.15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 27 став 1 од Закон за семејство (Сл. Весник на Р.М. бр. 9/96.....84/08) Советот на општина Вевчани на првата конститутивна седница одржана на ден 27.10.2017 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на членови на Советот на општината за учество при склучување на бракови на подрачјето на општина Вевчани**

Советот на општина Вевчани ги овластува членовите на Совет на општина Вевчани да можат да учествуваат при склучување на бракови на подрачјето на општина Вевчани и тоа, следниве лица:

10. **Душко Ѓурчески**
11. **Трајче Лешоски**
12. **Дијана Бебекоска**
13. **Стефан Радиноски**
14. **Деспина Плушкоска**
15. **Јовица Лешоски**
16. **Андријана Парталоска**
17. **Витомир Димитријески**
18. **Наташа Кукоска**

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Вевчани.

**Бр. 08-581/11**
**27.10.2017 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседател,**
**Душко Ѓурчески**